Врз основа на член 41 од Статутот на Македонската берза на хартии од вредност АД Скопје, Одборот на директори на својата 15-та седница одржана на ден 23.12.2025 година донесе

**ЗАКЛУЧОК**
**за толкување на одредби од Правилата за котација**

***1.*** Со овој Заклучок се врши толкување на членот 40, точка 4 од Правилата за котација на Македонска берза АД Скопје, кој се однесува на обврската на издавачите за објавување на образложение при објавување на финансиски извештаи од точка 3 на овој член и кој гласи:

***„Објавување на финансиски извештаи и годишен извештај за работењето***

***Член 40***

***4. Издавачите од сите подсегменти при објавување на финансиски извештаи од точка 3 на овој член, задолжително треба да објават и образложение кон резултатите кои ги содржат следниве податоци за работењето:***

***а) известување за евентуални промени во сметководствените политики и методи на вреднување на ставките во финансиските извештаи споредено со последните годишни ревидирани финансиски извештаи;***

***б) подетален коментар на остварените вкупни приходи во однос на претходниот период, кратка анализа на приходите од основна дејност и останатите приходи и остварениот финансиски резултат;***

***в) подетален коментар на остварените расходи во периодот во однос вкупните расходи и расходите во претходниот период;***

***г) исплатени дивиденди (вкупно и по акција);***

***д) вложувања или продажба на материјални средства (недвижности постојки и опрема) или значителен отпис (поголем од 30% од вредноста на средството споредено со последните годишни ревидирани финансиски извештаи);***

***ѓ) промени во кредитните задолжувања (намалувања или зголемување поголеми од 30% споредено со последните годишни ревидирани финансиски извештаи);***

***е) подетален коментар кон исполнување на планот и очекувања за претстојниот период.„***

2. Толкувањето на членот 40, точка 4 од Правилата за котација се прави со цел доуредување на обврската на издавачите да објавуваат на јасен и прецизен начин точни и целосни податоци пропишани со овој член и тоа во следнава насока:

- издавачот е должен во образложението да ги објави точните и целосни податоци пропишани со одредбите на точките од а) до е) во член 40 точка 4 од Правилата за котација, на тој начин што ќе се произнесе по секоја од точките, при што при произнесување по точките а), г), д) и ѓ) доколку не се случил настанот и/или промената предвиден/а со овие одредби во соодветниот период, потребно е да даде негативен исказ за истото;

3. Овој Заклучок се доставува до Комисијата за хартии од вредност и архивата на Берзата и диспозитивот на истиот се објавува на интернет страницата на Берзата.

4. За донесувањето и почетокот на примена на овој заклучок Секторот за деловни операции ги известува и им дава насоки на издавачите чии хартии од вредност котираат на Официјалниот пазар на Берзата.

5. Овој Заклучок влегува во сила на денот на донесувањето, а започнува да се применува од – 01.01.2026 година.

**Одбор на директори**
**Претседател**
**Тони Стојановски**